**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ЛОЗАРСТВО

**IV ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Лозаро-винарски техничар***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ЛОЗАРСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: лозаро-винарски техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 99 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***лозарсtво*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ја познава класификацијата на родот VITIS L;
- да ги објаснува карактеристиките на родот VITIS L;
- да ја познава класификацијата на сортите од културната лоза;
- да го сфаќа значењето на лозовите подлоги при одгледување на виновата лоза;
- да ги разликува винските од трпезните сорти на грозје;
- да ги опишува директнородните хибриди;
- да ја познава реонизацијата на лозарството во Република Македонија;
- да развива креативност кон лозарското производство.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели по предметот ***лозарсtво*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: основи на земјоделие со ветеринарство од I година, биологија, хемија, педологија и агрохемија на винова лоза од II година, земјоделска техника од II и III година, подигање и одгледување на лозови насади и лозарство од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. КЛАСИФИКАЦИЈА НА ФАМИЛИЈАТА VITACEAE** | **6** | **Ученикот:**<br>- да ја објаснува поделбата на фамилијата Vitaceae според ботаничките белези;<br>- да ја истакнува класификацијата на родот Vitis;<br>- да ги опишува видовите растенија од родот Vitis;<br>- да ги набројува подродовите на родот Vitis;<br>- да ги опишува видовите од родот Vitis според географските групи;<br>- да го сфаќа значењето на видовите од родот Vitis за лозарското производство. | - Воведување во ампелографијата;<br>- објаснување на класификацијата на фамилијата Vitaceae;<br>- презентирање на класификацијата и карактеристиките на родот Vitis;<br>- користење на ампелографска литература;<br>- презентирање на видовите од родот Vitis според географските групи. | - Практична настава |
| **2. КЛАСИФИКАЦИЈА НА СОРТИТЕ ОД КУЛТУРНАТА ЛОЗА** | **6** | - Да ги класифицира сортите од културната лоза според епохата на зреење и според еколошко-географските групи; | - Презентирање на сортите според епохите на зреење, обоеноста, генетската врска, биолошките и морфолошките знаци; | - Винарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги разликува сортите од културната лоза според обоеноста, генетската врска, биолошките и морфолошките знаци;<br>- да ги опишува сортите од културната лоза според агробиолошките и технолошките карактеристики. | - презентирање на сортите од културната лоза според еколошко - географските групи;<br>- презентирање на сортите од културната лоза според ботаничките, агробиолошките и технолошките карактеристики. | |
| **3. ЛОЗОВИ ПОДЛОГИ** | **21** | - Да ја сфаќа улогата на лозовите подлоги при одгледувањето на виновата лоза;<br>- да ги опишува карактеристиките на американските подлоги според: синоними, потекло, распространетост, ботанички опис, агробиолошки и технолошки карактеристики;<br>- да ги познава карактеристиките на хибридите од американските подлоги;<br>- да ја истакнува важноста на изборот на подлогите за одреден почвен тип. | - Презентирање на различни видови лозови подлоги;<br>- дефинирање на проектни задачи за лозови подлоги;<br>- организирање вежби во матичник на лозови подлоги и лозови насади. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Винарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. ВИНСКИ СОРТИ НА ГРОЗЈЕ** | **27** | - Да го сфаќа стопанското значење на винските сорти грозје;<br>- да ги познава сортите за производство на квалитетни и средноквалитетни црни вина: блатина, вранец, кратошија, теран, црн бургундец, каберне совињон, гаме и мерло;<br>- да ги познава сортите за производство на средно квалитетни црни вина: станушина, охридско црно, црно тиквешко, прокупец, мелничко црно, плавец мал и гаме бојадисер;<br>- да ги познава сортите за производство на квалитетни бели вина: жилавка, ркацители, рајнски ризлинг, италијански ризлинг, семијон, совињон, шардоне, бел бургундец, траминец и белан;<br>- да ги разликува сортите за производство на средно квалитетни бели вина: шипон, охридско бело и | - Презентирање на податоци за стопанското значење на винските сорти грозје;<br>- презентирање на вински сорти на грозје за пориозводство на квалитетни и средноквалитетни црни вина;<br>- презентирање на вински сорти на грозје за пориозводство на квалитетни и средноквалитетни бели вина;<br>- организирање на вежби за идентификување на вински сорти на грозје;<br>- организирање на вежби во лозови насади за одгледување на вински сорти на грозје. | - Винарство<br>- Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | смедеревка;<br>- да ги разликува сортите за производство на конзумни бели вина: пловдина и лисичина;<br>- да ги опишува ботаничките карактеристики на винските сорти на грозје;<br>- да ги познава агротехничките мерки при одгледувањето на винските сорти на грозје;<br>- да ја познава отпорноста на винските сорти на грозје на ниските температури и сушата;<br>- да ја толкува корелацијата помеѓу хемискиот состав и технолошката вредност на грозјето;<br>- да го објаснува оптималниот сортимент на винските лозови насади. | | |
| **5. ТРПЕЗНИ СОРТИ НА ГРОЗЈЕ** | **21** | - Да го сфаќа значењето на трпезните сорти на грозје за исхраната на човекот;<br>- да ги разликува многу раните трпезни сорти на грозје: јулски мускат, | - Презентирање на податоци за стопанското значење на трпезните сорти на грозје;<br>- презентирање на многу раните и раните трпезни | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | кардинал, кралица на лозјата и блек меџик;<br>- да ги разликува раните трпезни сорти: бела шаслаи црвена шасла;<br>- да ги разликува средно доцните трпезни сорти: чауш, мускат хамбург, мишел палиерии викторија;<br>- да ги раликува доцните трпезни сорти: афус али и мускат италија;<br>- да ги разликува многу доцните трпезни сорти: црвен и црн валандовски дренак, амура, ружица, бело зимско блек роз;<br>- да ги разликува сортите за производство на суво грозје и слатко: султанина и султанија;<br>- да ги опишува ботаничките карактеристики на белите трпезни сорти на грозје;<br>- да ги истакнува разликите помеѓу одделни трпезни сорти на грозје;<br>- да ги објаснува агротехничките мерки при | сорти на грозје;<br>- презентирање на доцните и многу доцните трпезни сорти на грозје;<br>- презентирање на сортите грозје за производство на суво грозје и слатко;<br>- организирање вежби за идентификување на трпезните сорти на грозје;<br>- презентирање на родност кај шпалирски и одрински систем на одгледување на трпезни сорти на грозје;<br>- организирање вежби и посета на лозови насади со застапени трпезни сорти на грозје. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | одгледување на трпезни сорти на грозје;<br>- да ја познава отпорноста на трпезните сорти на грозје на ниските температури и сушата;<br>- да го објаснува оптималниот сортимент на лозови насади за одгледување на трпезни сорти на грозје. | | |
| **6. ДИРЕКТНОРОДНИ ХИБРИДИ** | **12** | - Да го сфаќа стопанското значење на директнородните хибриди;<br>- да ја објасни поделбата на директнородните хибриди;<br>- да ги опишува директнородните хибриди: потекло, распространетост, ботанички опис, агробиолошки и технолошки карактеристики. | - Презентирање на податоци за стопанското значење на директнородните хибриди;<br>- организирање вежби за распознавање на најпознатите директнородни хибриди;<br>- организирање на вежби за посета на лозови насади со застапени директнородни хибриди. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7. РЕОНИЗАЦИЈА НА ЛОЗАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **6** | - Да ја објасни реонизацијата на лозарските реони во РМ;<br>- да го сфаќа значењето од реонизација на лозарските реони. | - Презентирање на податоци за реонизација во Република Македонија;<br>- презентирање на застапеноста на винските и трпезните сорти на грозје по реони во РМ. | - Практична настава |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Програмските содржини по ***лозарство*** имаат теоретски карактер и практично стручно значење, поради тоа, во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така, покрај фронталните предавања, потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Постојат, исто така, можности за примена на разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, Интернет пребарување и практична работа.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира наставата преку дефинирање и конкретизирање на задачите на часот и притоа врши усни излагања, објаснувања, демонстрирања, пишување и цртање на табла, давање инструкции.

Активноста на учениците се состои во: набљудување, прибележување, вежбање, поставување прашања, изведување на практични работи, домашни задачи и сл.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***лозарство*** се остварува преку предавања кои ќе се реализираат во училници и кабинети. Покрај предавањата треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во лозови насади во училишната економија или во акционерски друштва кои се занимаваат со производство, складирање, преработка, пакување и промет на грозје.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес се користат разновидни наставни средства и помагала: цртежи, филмови, дијафилмови, слики за графоскоп, компјутер, микроскоп, лабораториска опрема, прибор и земјоделска механизација за лозарско производство.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршењето на вежбите, практичните операции и работните задачи, преку изготвување на проекти и сл.

Оценувањето на учениците се врши согласно со Правилникот за следење, вреднување и оценување на знаењата на учениците. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставниот предмет ***лозарство*** ќе го реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство***, лозаро-овоштарска или општа насока.

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата, содржините по овој предмет се реализираат во училница, кабинет, лабораторија, во училишна економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во лозови насади. Стандардот за простор е предвиден во нормативот за простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

### 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Петар Христов, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Ефремчо Николов, наставник во СОЗШУ „Ѓорче Петров” - Кавадарци
4. Иван Керов, АД „Гоце Делчев” - Кавадарци

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***лозарство*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/7*** од ***20.06. 2008*** година.